# Лист со факти Помош при отпуштање од работа

**Да се биде отпуштен од работа е голема промена која може да биде стресна во краток рок. Тоа е делумно од причина што треба веднаш да донесете важни финансиски решенија. Овие информации содржат совети за да ви помогнат во случај на губење на работата.**

## Како може да ја искористите отпремнината

### Што ви следува

Пред било што да одлучите, треба да ги разберете различните компоненти што го сочинуваат пакетот за отпуштање од работа (retrenchment package) што го добивате од вашиот работодавец.

**Вашата целокупна отпремнина веројатно содржи:**

1. Годишен одмор кој ви следувал, а не сте го искористиле, вклучувајќи соодветни додатоци за одмор.
2. Одмор по основа стаж кој се насобрал.
3. Исплата за отпуштање од работа (retrenchment payment).

Во исплатите за отпуштање од работа некои работодавци вклучуваат и еден износ што се базира врз неискористени боледувања (sick leave).

### Вашата исплата за отпуштање од работа

Вашата исплата за отпуштање од работа се сите дополнителни пари што ги добивате затоа што сте отпуштени од работа. Отпремнината која е позната како Employment Termination Payment (ETP) може да содржи:

- компонента ослободена од данок; и
- компонента подложна на плаќање данок.

Во зависно од договорот за работа, вие може да добиете Transitional Termination Payment (TTP). Вие ќе имате TTP само ако имате право на Eligible Termination Payment според договор за вработување или спогодба што била на сила пред 10 мај 2006 година. Само TTP може да се уплати во пензија. ETP не може да биде пренесена во super.

**Компонента ослободена од данок**

Вашиот лимит за ослободување од данок е $8,435 плус $4,218 за секоја година на работа кај вашиот работодавец. Износите до лимитот за ослободување од данок ја претставуваат вашата компонента ослободена од данок.

**Како се оданочуваат компонентите од отпремнината кои подлежат на данок**

Вашиот работодавач ќе ви даде преглед на отпремнината кој ќе покаже од што се состои целокупната исплата и ќе ви покаже дали ви следува TTP или не. Данокот на овие плаќања е покажан подолу. Овие стапки се под претпоставка дека сте го дале вашиот даночен број.

| ETPs | |
|---|---|
| Вашата возраст* | Оданочување |
| Под 55 | Првите $165,000: **30%**† <br> Износ над $165,000: **45%**† |
| 55 или постари | Првите $165,000: 15%† <br> Износ над $165,000: 45%† |

| TTP земени во готови пари | |
|---|---|
| Вашата возраст* | Оданочување |
| Под 55 | **30%**†‡ |
| 55 или постари | Првите $165,000: 15%† <br> Износ над $165,000: 30%†‡ |

| TTP уплатени во пензија | |
|---|---|
| Вашата возраст* | Оданочување |
| Сите возрасти | **15%**† |

* Возраст на последниот ден од финансиската година кога било извршено плаќањето.

† Плус Medicare леви од 1.5%

‡ Износи на TTP над еден милион долари се оданочуваат по стапка од 45% (плус Medicare Levy од 1.5%) освен кога се префрлуваат во super и се во рамките на вашите лимити на придонеси пред данок (before-tax contribution limits).

Забелешка: Придонес за поплави (Flood Levy) може исто така да се применува на исплати примени во 2011/12 година.

За повеќе детали видете на www.ato.gov.au

## Што треба да се направи и кога

### Првата недела:

### Погледнете го плаќањето

Проверете дали е точна завршната калкулација на вашиот пакет, што ви ја дал вашиот работодавец, или ако мислите дека е потребно, побарајте од сметководител да ги провери деталите. Проверете и дали сте добиле ТТР. Ако сте добиле, ќе треба да решите што ќе правите со плаќањето (да го земете како готовина или да биде уплатено во пензијата) и да го известите работодавачот.

### Пензионирање или враќање на работа?

Ако сте над 55 години, има повеќе можности за вас. Без обзир дали сте во можност рано да се пензионирате или не, можеби треба да размислите да создадете прилив на приход за пензија. Тоа може да ви помогне со приходите додека барате работа. А кога ќе најдете работа, Transition to Retirement (TTR) аранжманите на државата ќе ви овозможат да го одржувате приливот на приход, да уплаќате пензија пред данокот и да заштедите илјадници долари од данокот.

Вие може да користите Over 55 Savings Planner на адресата **www.australiansuper.com/calculators** за да пресметате колкав приход може да примите и како тоа ќе влијае врз вашата вкупна заштеда.

### Изработете буџет

Може да биде корисно ако направите буџет за да определите колку готовина ќе ви треба во наредните неколку месеци и дали ќе треба да ги намалите издатоците во домаќинството. Корисна стратегија е да ги поделите секојдневните трошоци на неопходни (како храна, кирија или отплата на куќата и сметките за струја, вода и тн.) и трошоци кои не се неопходни (како издатоци за излегување и забава).

### Контактирајте го Centrelink

Вие може имате право на финансиска помош од Centrelink. Меѓуота, може да има период за чекање пред да ви следува финансиска помош, затоа е добро ако го контактирате Centrelink веднаш за да:

- Се пријавите како лице кое бара работа, користејќи го Employment Separation Certificate кој може да го побарате од последниот работодавач.
- Проверете дали ви следува парична помош пред да решите што ќе направите со парите од отпремнината.
- Проверете дали ви следува Health Care Card, што може да ги намали животните трошоци.

Вие ќе треба да го контактирате Centrelink и ако се пензионирате и се квалификувате за старосна пензија.

Вие може да ги проверите деталите за здобивање со право на интернет страницата на Centrelink на www.centrelink.gov.au или ако се јавите на 13 28 50 (Employment Services – служба за вработување) или на 13 23 00 (Older Australians – постари Австралијани).

## Првиот месец

### Одлучете како ќе го користите вашиот ТТР (ако го имате)

Ако имате право на ТТР, вашиот работодавец ќе ви даде една изјава пред исплата (pre-payment statement) со која ви се овозможува да одберете една од трите опции за исплата:

1. Уплата на целокупниот износ (на ТТР, не целокупната исплата) во вашиот пензиски фонд.
2. Добивање на целокупниот износ во готовина.
3. Добивање на дел од ТТР во готовина и уплата на остатокот во пензија.

Вие ќе треба да ги наведете вашите упатства во предвиденото место на извештајот и да му го вратите истиот на работодавачот во рок од 30 дена. Ако не го вратите извештајот на време вашиот работодавач ќе ви ја исплати ТТР во готовина и ќе биде доцна истата да се уплати во пензија.

### Предности на уплата на ТТР во пензија

- Ако сте помлади од 55 години, вие може да платите само половина од данокот што би го платиле на поголемиот дел или целиот ваш ТТР ако го земете во готови пари – нормално 15% наместо 30%.
- Обезбедувате долгорочна добивка од вашата исплата наместо целата да ја искористите во кус период.

### Разгледајте ги аранжманите со осигурувањето

Иако не вршите уплати на вашата сметка за пензија во Australian Super во наредните месеци, вашето осигурување во случај на смрт, целосна и постојана онеспособеност и заштита на приходот ќе продолжи во траење од 13 месеци од последниот месец откога вашиот работодавач ја направил последната уплата (премиите за осигурување ќе продолжат да бидат одбивани месечно). Меѓутоа, сега е вистинско време да го преразгледате вашето осигурување (cover). Калкулаторите на нашата интернет страница **www.australiansuper.com/calculators** ви овозможуваат да споредите различни степени на осигурување и нивното влијание врз вашите премии.

### Реорганизирајте ги кредитите и долговите

Ако сте отпуштени неочекувано, може да имате кредити или други финансиски обврски кои сега може да бидат проблем да се одржуваат. Колку побрзо ќе ја дискутирате вашата ситуација со банката толку подобро.

Ако ви треба помош околу тоа, може да добиете бесплатни финансиски совети. Детали за помошта што е на располагање има на интернет страницата на Financial Counselling Australia (FCA) на www.financialcounsellingaustralia.org.au или ако се јавите на телефон 1800 007 007 од било каде во Австралија.

## За два месеца

### Организирајте ја пензијата

Една работа за која не морате да се грижите е вашата пензија. Вие не треба да сторите ништо за да останете со AustralianSuper и да продолжите да плаќате едни од најниските трошоци во индустријата за нашиот тим на експерти да се грижи за вашите заштеди.

Ако најдете друга работа, едноставно побарајте од новиот работодавач да ги уплаќа задолжителните износи за пензија на вашата сметка во AustralianSuper. Тоа ќе ви помогне да не плаќате двојни такси или минување во друг фонд кој го користи дел од профитот од инвестирањето за плаќање дивиденди на акционерите или провизии на финансиските советници.

Ако имате super во други фондови, вие лесно може да ги комбинирате сите ваши super заштеди на вашата сметка во AustralianSuper. Со тоа ќе заштедите не плаќајќи непотребни дополнителни трошоци и ќе биде многу полесно да имате претстава за вашиот вкупен super биланс.

### Професионални совети

Може да биде корисно за вас ако побарате општи совети за планирање и раководење со вашите финансии. Како член на AustralianSuper вие имате пристап до бесплатни финансиски совети со советник од Industry Fund Financial Planning (IFFP). Јавете се на IFFP на 1300 138 848 или појдете на www.iffp.com.au за повеќе информации.

Исто така, Centrelink's Financial Information Service организира семинари и дава бесплатни совети во врска со цела низа финансиски прашања, вклучувајќи го она за изборот што го имате по отпуштањето од работа. За повеќе информации јавете се на 13 23 00 или појдете на нивната интернет страна на www.centrelink.gov.au и следете ги врските до страницата за Financial Information Service.

## Да се чувствувате подобро

Отпуштањето од работа е често поврзано со серија шокови како што се ненадејното губење на работата, соочувањето со перспективата на невработеност и можноста или реалноста на финансиски проблеми. Таквите искуства може да имаат емоционално влијание врз вас. Поддршката од вашето семејство или само да се има малку време за свикнување на новата ситуација може да биде сѐ што треба за да ја надминете вашата првична реакција.

Меѓутоа, ако сте останале лут, фрустриран, песимистички расположен, вознемирен или депресивен, може да ви помогне да зборувате со некого.

За да проверите дали вашите реакции се нормални или за да поразговарате со некого, може да ја посетите интернет страницата на beyondblue (www.beyondblue.org.au). Следете го линкот Get information за да симнете примерок на брошурата *Грижа за себеси* – и за вашето семејство – по отпуштање од работа и финансиска загуба – или јавете се на 1300 224 636 за да ви пратат примерок на брошурата.

Во оваа многу корисна книшка се наведени низа емоционални реакции кои луѓето обично ги чувствуваат откако биле отпуштени од работа, се идентификуваат опасни знакови што треба да ги препознавате и голем број сугестии што ќе ви помогнат да заржите позитивен пристап и да ја најдете вистинската поддршка ако ви е потребна.

## Внимавање на вашата добросостојба во стресни времиња

Живееме во стресни времиња. Кај некои стресот може да води во депресија, проблеми поврзани со алкохолот или посериозни проблеми. Тоа не е ништо невообичаено и нешто од што треба да се срамите. Ако вие или некој што го познавате преживува голем стрес или чувствувате дека не можете да издржите, посетете ја интернет страницата на SuperFriend на www.superfriend.com.au

Формирана од група super фондови на соодветни индустрии, вклучувајќи го AustralianSuper, интернет страницата ги собира на едно место ресурсите на низа здравствени организации и пружа информации и совети кои се однесуваат на:

- едноставни и ефикасни начини за подобрување на физичката и менталната добросостојба
- постигнување целосна рамнотежа меѓу животот и работата
- откривање на симптомите на вообичаени ментални и емоционални проблеми; и
- барање и добивање помош.

## Често поставувани прашања

**П: Дали додатна пензија ќе биде вклучена во мојата отпремнина?**
**О: Не.**

Отпремнината не вклучува Superannuation Guarantee (SG) contributions. Штом вие или вашиот работодавач не извести дека сте отпуштени од работа, ние ќе може да ви кажеме колку точно пензиски износ имате платено.

Ние ќе можеме да ви кажеме и колку од вашата пензија е слободна 'non-preserved' и достапна да се користи.

**П: Можам ли да останам со AustralianSuper?**
**О: Да.**

Вие автоматски ќе останете со AustralianSuper. Вие не треба ништо да сторите додека барате работа.

Кога ќе најдете друга работа, побарајте од новиот работодавач да ги уплаќа придонесите на вашата сметка во AustralianSuper.

Ако воспоставите ваш бизнис и станете самовработен, вие може да изберете да ја префрлите пензијата во Personal Plan, посебно дизајниран за самовработените со комплетирање на само еден формулар.

Ако сте 55 години и постари и имате најмалку $10,000 на вашата сметка, вие ќе може да започнете да ја користите AustralianSuper Pension како дел од вашата транзиција кон пензија. Ако продолжите да работите со скратено работно време, ќе може да ја користите AustralianSuper Pension како дополнување на приходот. Ако се пензионирате за постојано AustralianSuper Pension ќе ви обезбеди флексибилен, прилагодлив приход кој не се оданочува на возраст по 60 гидини. Појдете на **www.australiansuper.com/pension** за повеќе детали.

**П: Може ли да извадам од пензијата сега?**
**О: Ако сте под 55 години, ќе можете да извадите од пензијата само како еднократен износ ако:**

- имате слободни бенефити; или
- се квалификувате и добиете одобрение за порано ослободување на пензијата заради посебни околности (како потреба за пари за плаќање на лекување од сериозна болест) или заради финансиски потешкотии (треба да сте на социјална помош за последните 26 недели и да примате постојана помош).

Вие може да проверите дали имате некој несочуван super со тоа што ќе ни се јавите, ќе го проверите вашиот шестмесечен извештај или ако ја отворите вашата интернет сметка.

Штом наполните 55 (ако сте родени пред 1. Јули 1960), вие можете да:

- да се пензионирате засекогаш и да повлечете од вашата super одеднаш колку што сакате
- се пензионирате за постојано и да извлекувате редовни износи од AustralianSuper Pension од вашата сметка; или
- да ги намалите работните часови и користите редовни износи како дополнување на заработувачката.

**П: Дали извлекувањето на неколку илјади долари ќе направи голема разлика на крајниот бенефит?**
**О: Да.**

Секое поголемо извлекување од пензијата ќе направи голема разлика на вашите заштеди за пензија. Со помош на нашите калкулатори на интернет страницата **www.australiansuper.com/calculators** видете како повлекувањето може да влијае врз износот на вашата пензија.

**П: Има ли некои додатни такси?**
**О: Не.**

AustralianSuper не наплатува дополнителни трошоци во врска со отпуштање од работа, промена на работодавец или да се биде невработен. Дури и ако сте го смениле фондот и ја затворите сметката во AustralianSuper, нема да има такси заради затворање на сметката, само $35 такса за извлекување на средствата.

Стандарден износ од $35 за повлекување исто така важи ако повлечете било кој неограничен несочуван "super".

**П: Дали моето осигурување ќе продолжи?**
**О: Да.**

Ако имате осигурување за смрт, целосна и постојана онеспособеност и/или заштита на приходот преку AustralianSuper, вие ќе останете покриени на истото ниво во траење од 13 месеци дури иако нема нови доприноси на вашата сметка, под услов да има доволно средства да се покрие премијата.

**П: Дали може да добијам исплата за отпуштање од работа, ако мојот работодавец отиде во ликвидација?**
**О: Да.**

Ако не ви се исплатени делумно или воопшто плаќањата кои ви следуваат зашто вашиот работодавач банкротирал или е под ликвидација, можете да го испратите формуларот General Employee Entitlements and Redundancy Scheme (GEERS). Преку шемата GEERS може да ви бидат исплатени до три месеци неисплатени плати, сите неисплатени годишни и одмори за долг стаж (annual and long service leave), до пет неделни плати наместо отказно решение (in lieu of notice) и до четири неделни плати како принадлежности за отпуштање за секоја цела година работен однос кај вашиот работодавец, но постојат ограничувања за лица со повисоки плати. За повеќе детали посетете ја интернет страницата www.deewr.gov.au или јавете се на жешката линија на GEERS на 1300 135 040.

## За повеќе информации

Ако ви треба повеќе помош во врска со отпуштањето од работа, јавете ни се на **1300 300 273**. Некои од вработените во AustralianSuper зборуваат по два јазика и ќе можат да ви помогнат со пристап кон преведувач.

**Важна информација:** Овој документ е издаден во септември 2011 од AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898. Овој документ е од општа природа и не ги зема предвид вашите лични цели, ситуација или потреби. Пред да донесете одлука околу AustralianSuper, разгледајте ги вашите финансиски потреби и прочитајте ја нашата Изјава за опишување на продукти на интернет страницата **www.australiansuper.com/pds** или со јавување на **1300 300 273**. Логото на Industry SuperFund е употребено со дозвола на Industry Fund Services (IFS) и таа согласност не беше повлечена на денот на објавувањето.